Одговор:

Во врска со барањето заведено под бр. 09- 8793/1 од 27.12.2022 година за достава на Плановите за работа на Министерството за одбрана за периодот 2017-2023 година, Ве известуваме за следното:

Министерството за одбрана на годишна основа донесува Годишен План за работа на Министерството, во согласност со:

-Одлуката за утврдените стратешки приоритети на Влада на Република Северна Македонија,

-Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа на Владата на Република Северна Македонија, и

-Одобрениот буџетот на Министерството за одбрана за годината за која се донесува Планот.

Дополнително, согласно Правилникот и Упатството за планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Министерството за одбрана (ППБИ), Годишниот План се разгледува и

и одобрува од Програмската и Управната Група во Министерството. По одобрувањето на ниво на Министерство за одбрана, Годишниот План за работа на Министерството се објавува на веб станицата на Министерството за одбрана (https://mod.gov.mk/стратешки-документи/) и се доставува до Владата на Република Северна Македонија.

На веб страната на Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, достапни за увид на јавноста (во електронска форма) се следните Годишни Планови за работа на Министерството за одбрана (со архивски број и датум на донесување):

-План за работа на Министерството за одбрана за 2019 година (бр. 01-7656/1 од 26.12.2018 година);

-План за работа на Министерството за одбрана за 2020 година (бр. 12-792/1 од 28.01.2020 година);

-План за работа на Министерството за одбрана за 2021 година (бр. 12-704/1 од 20.01.2021 година);

-План за работа на Министерството за одбрана за 2022 година (бр. 01-1543/1 од 01.03.2022 година);

- План за работа на Министерството за одбрана за 2023 година (бр. 01-270/1 од 16.01.2023 година).

Плановите за 2017 (Дов. Бр. 01-97 /1 од 18.01.2017) и 2018 година (Дов. Бр. 01-1456/1 од 29.12.2017 година) се класифицирани со степен „Доверливо“. Во 2018 година е донесена одлука за декласифицирање на идните Годишни Планови за работа на Министерството за одбрана.